## Правилник за однесување во училиштето на ученици кои ќе следат настава од далечина во ООУ„Лазо Ангеловски“ - Аеродром

## Кодекс за однесување на учениците кои следат настава од далечина

Почитуван ученику!

1. Секој наставник и ученик во нашето училиште има службен маил.
2. Кога комуницираме службено ги користиме нашите службени маилови кои завршуваат на @oulazoangelovski.edu.mk. Овој маил можеш да го користиш само за службени цели, но не и приватно.
3. Секој ученик има обврска редовно да го проверува службениот маил и одговорно да се однесува на Microsoft Teams.
4. Користи кирилична поддршка.
5. На настава вклучувај се навреме.
6. Биди пристојно и удобно облечен.
7. Навремено подготви го твојот работен простор.
8. Биди присутен на часовите.
9. Биди активен за време на наставата, кога ќе ти се даде можност да зборуваш. Не го уклучувај микрофонот додека зборува наставникот, или твое другарче. Ако сакаш нешто да прашаш, користи го рачето на платформата и чекај наставникот да ти даде збор.
10. Твоите мислења и предлози запиши ги во chat – от. Доколку нешто не ти е јасно прашај го наставникот.
11. Навремено и самостојно пишувај ги домашните задачи и истите испраќај ги на платформата .
12. Учениците не смеат да бришат или менуваат документи без дозвола на наставник.
13. Рационално користи го времето за работа.
14. Родителот навреме да го извести наставникот доколку има некаков проблем во редовноста на извршувањето на зададените задачи: отсуство, патување, болест итн.

**Правилник за однесување во училиштето на ученици кои ќе следат настава со физичко присуство во ООУ„Лазо Ангеловски“ - Аеродром**

**Кодекс за однесување на ученици кои следат настава со физичко присуство**

Почитуван ученику!

1. Во училиште доаѓај навремено.
2. Биди пример со твоето пристојно облекување (носи ја училишната униформа)
3. Задолжително носи медицинска маска и често прави дезинфекција на рацете. Доколку ти падне маската, не ја ставај на лице повторно, туку замени ја со нова. Маската не ја менувај со своето другарче. Не ја носи маската неправилно (под брада, со непокриен нос).
4. Не се допирај со рацете по лицето.
5. Маската ја вадиш само кога јадеш или пиеш. Тогаш ја ставаш во чиста кесичка која треба да стои во твојот ранец.
6. Не го допирај другарчето.
7. Во тоалет ако веќе има некој, чекај го својот ред. Задолжително по користење на тоалетот измиј ги рацете.
8. Одржувај го задолжителното растојание.
9. Води грижа за хигиената во училницата, заедничките училишни простории и училишниот двор.
10. Биди подготвен, внимателен и активен на часовите.
11. Доколку нешто не ти е јасно прашај го наставникот.
12. По завршување на наставата, училницата остави ја уредна, без отпадоци. Подготви се за одење дома и провери дали си ги земал своите работи.
13. Почитувај ги сите чинители во училиштето.
14. Времето што го поминуваш во училиште нека ти биде исполнето со многу нови сознанија.

**Тим за изработка:**
Ивана Младеновска
Марина Нанева
Соња Геговска
Роберта Јордановска
Игор Боризовски